МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**IV ГОДИНА**

## *ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА*

***Ветеринарен техничар***

Скопје, 2008 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: ветеринарен техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Практична обука

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 5 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 165 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***практична настава*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да прима пациенти и да одредува тријас;
- да отвора историја на болест;
- да ги применува основните постапки на клиничкиот преглед;
- да дава прва помош при повреди и рани;
- да зема примероци за лабораториски испитувања;
- да дијагностицира и диференцира паразитски болести;
- да аплицира лекови и дијагностички средства;
- да подготвува средства и инструменти за хируршки интервенции;
- да ги применува основните принципи на асепса и антисепса;
- да одгледува, храни, молзе и негува домашни животни;
- да зема мостри на млеко за маститис - тест;
- да ги применува системите за органско сточарско производство;
- да користи стручна терминологија;
- да развива хуман однос кон животните;
- да се вклучува во тимска работа.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За полесно совладување на содржините, односно вршење на практичните задачи од предметот ***практична настава*** потребно е учениците да имаат одредени предзнаења од претходно изучуваните предмети: основи на земјоделие и ветеринарство, хигиена со здравствено воспитание од I година, фармакологија од II година, анатомија со физиологија на домашните животни и микробиологија со заразни болести од II и III година, патологија и практична настава од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПРИОД И ФИКСИРАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ ЗА ПРЕГЛЕД** | **15** | ***Ученикот:***<br>- да им приоѓа на домашните животни за преглед;<br>- да ги фиксира животните за преглед;<br>- да користи средства за фиксирање. | - Објаснување на начините на приоѓање на домашните животни за преглед;<br>- демонстрирање на постапки за правилно фиксирање на домашните животни за преглед. | - Внатрешни болести |
| **2. ЗЕМАЊЕ НА АНАМНЕСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И МЕРЕЊЕ НА ТРИЈАС** | **20** | - Да го воочува тријасот како основна метода на преглед на животните;<br>- да ги мери температурата, пулсот и дишењето кај животните;<br>- да ги определува контракциите на бурагот;<br>- да зема анамнестички податоци од сопственикот на животното;<br>- да ги открива симптомите на болеста. | - Демонстрирање на техники за мерење на тријасни вредности;<br>- демонстрирање на начини за земање на анамнеза;<br>- презентирање на начини за запишување на историјата на болеста. | - Внатрешни болести |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. ИСПИТУВАЊЕ НА БОЛЕСТИ НА ВНАТРЕШНИТЕ ОРГАНИ** | **20** | - Да ја прегледува устата кај животните;<br>- да сондира внатрешни органи;<br>- да ги мери контракциите на преджелудникот;<br>- да ја применува техниката на ректалната експлорација;<br>- да испраќа материјали на копролошки преглед;<br>- да ја прегледува слузокожата на горните дишни патишта;<br>- да користи стетоскоп и да врши аускултација;<br>- да прегледува органи за крвоток;<br>- да прегледува и дијагностицира болести на уринарниот тракт;<br>- да дијагностицира и превенира метаболички болести;<br>- да прегледува кожа;<br>- да препознава болести на кожа;<br>- да применува тераписки пристап и превентива при труење. | - Демонстрирање како се прегледуваат уста и хранопровод кај животните;<br>- демонстрирање на преглед на преджелудници;<br>- демонстрирање на ректална експлорација;<br>- демонстрирање на користењето на стетоскоп;<br>- одредување на работни задачи и следење на индивидуалната работа на учениците;<br>- демонстрирање на преглед на уринарниот тракт;<br>- демонстрирање на систематски преглед на кожа;<br>- демонстрирање на тераписки пристап и превентива при труење на животни. | - Внатрешни болести |
| **4. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ДИФЕРЕНЦИРАЊЕ НА ПАРАЗИТИ** | **15** | - Да микроскопира, дијагностицира и диференцира протозоарни болести; | - Користење на микроскоп;<br>- демонстриње постапки за микроскопирање, | - Паразитски болести |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **КАЈ ДОМАШНИТЕ ЖИВОТНИ** | | - да диференцира паразитски болести предизвикани од хелминти;<br>- да дијагностицира и диференцира болести предизвикани од артроподи. | дијагностицирање и диференцирање на видови паразити. | |
| **5. ЗЕМАЊЕ И ИСПРАЌАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА ДИЈАГНОСТИЦИ-РАЊЕ НА ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ** | **25** | - Да зема и испраќа материјали за хематолошки преглед;<br>- да микроскопира крвни размази за дијагноза на протозоарни болести;<br>- да зема и испраќа материјали на копролошки преглед;<br>- да детерминира и диференцира хелминти (сите стадиуми на развојни облици);<br>- да врши скарификација на кожа;<br>- да зема и испраќа материјали за дијагноза на краста и демодикоза;<br>- да дијагностицира ектопаразити кај различни видови животни;<br>- да препознава патоанатомски промени на внатрешните органи предизвикани од паразити. | - Демонстрирање на постапки за земање, пакување и испраќање на материјали (крв, измет, скарицирана кожа, ендо и ектопаразити, органи при обдукција) за дијагноза на паразити;<br>- организирање посета на сточарски фарми и ветеринарни станици. | - Паразитски болести |
| **6. ПОДГОТОВКА НА ОПЕРАЦИОНО ПОЛЕ И ОПЕРАЦИОНИ ИНСТРУМЕНТИ** | **30** | - Да ги почитува принципите на асепса и антисепса;<br>- да го подготвува оперативното | - Демонстрирање подготовка на оперативно поле и оперативни | - Хирургија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поле;<br>- да ги подготвува операционите инструменти;<br>- да врши стерилизација на инструментите за операција. | инструменти;<br>- објаснување на принципите на асепса и антисепса. | |
| **7. СТОЧАРСТВО СО ИСХРАНА НА ДОМАШНИТЕ ЖИВОТНИ** | **25** | - Да одржува амбиентални услови во шталите;<br>- да изведува поважни зоотехнички мерки при одгледување на домашните животни;<br>- да го оценува квалитетот на храната;<br>- да води матично сточно книговодство;<br>- да избира животни за репродукција;<br>- да го одредува времето за парење;<br>- да ја одржува хигиената на машините за молзење;<br>- да ја контролира здравствената состојба на животните;<br>- да врши природно и вештачко роење на пчелите. | - Организирање работа на учениците во сточарски објекти;<br>- демонстрирање на најважните работни операции за одгледување на домашните животни;<br>- демонстрирање правилна исхрана на домашните животни;<br>- демонстрирање на постапки за подготовка на храна пред хранење на животните;<br>- организирање работа во пчеларник и демонстрирање на поважните операции при одгледување на пчелите. | - Сточарство со исхрана на домашните животни |
| **8. ОРГАНСКО СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **15** | - Да избира и селектира раси на животни според локацијата и околината на фармата; | - Објаснување на организациската поставеност на фармите | - Сточарство со исхрана на домашните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да одредува стратегија за одгледување на телиња за приплод и млечни крави;<br>- да ги применува системите за чување на свињи и кокошки;<br>- да подготвува дажби за исхрана на свињи и кокошки. | за различни видови на животни каде се применува органско производство;<br>- организирање посети на фарми за органско сточарско производство. | животни |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на задолжителната програма по ***практична настава*** ќе се применуваат: дискусија, демонстрација, објаснување, инструирање, набљудување, работа во групи, работа во парови, индивидуална работа, истражување и самооценување.

Активности на ученикот: вежба предвидени работни операции, открива односи и законитости, анализира, дискутира и презентира, истражува, критички размислува и одлучува, забележува, поставува прашања, доведува во врска (создава врска), пишува, анализира, диференцира, детерминира, покажува, применува, коментира и притоа тимски соработува со групата, сам се оценува и сл.

Активностите на наставникот: планира, организира и реализира практична настава, објаснува, организира работа во групи, ги поттикнува учениците на конгнитивно, психомоторно и афективно однесување, организира и реализира посета на: земјоделски стопанства, мини фарми, Факултетот за земјоделски науки и храна, земјоделски саеми, пчеларник и ветеринарни станици, врши проверување и оценување на резултатите на учениците.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***практична настава*** треба да се реализира преку изведување на практични операции, вежби, практични задачи во училишни фарми, фарми на индивидуални земјоделски производители и ветеринарни станици. Содржините од наставниот предмет практична настава опфаќаат области од паразитските болести, внатрешните болести, хирургијата и сточарско производство.

Карактерот на овој наставен предмет бара специфична организација на наставата, односно поделба на паралелката во групи, што овозможува квалитетна настава и следење на процесот на работа. Редоследот на темите по подрачја може да се преструктуира во зависност од временските услови или условите во училиштето.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Предметот ***практична настава*** има, пред сé, практично значење кое се остварува преку реализација на одделни вежби, демонстрации, практични операции и работни задачи. Затоа, при реализацијата на наставниот процес потребно е користење на разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, макети, инструменти, средства за заштита при работа и помагала за фиксирање на животните.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците по предметот ***практична настава*** треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се остварува преку најразновидни форми и постапки: усни проверки, проверки и оценување на практичните способности и стекнатите вештини на учениците при вршењето на вежбите и практичните задачи.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат најмалку со по две оценки во секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал соодветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***практична настава*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***ветеринарна медицина.***

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по овој предмет, потребно е наставата да се реализира во специјализирани кабинети, во училишни економии, училишни фарми, фарми на индивидуални земјодеслки производители, пчеларник, ветеринарни станици и посета на земјоделски саеми.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**Состав на работната група**

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Иванчо Налетовски, професор, Ветеринарен факултет - Скопје
3. Татјана Стаменов, наставник во СУГС „Браќа Миладиновци” - Скопје
4. Румен Стаменов, Економија „Идризово” - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/8*** од ***20.06. 2008*** година.